РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
MUZEU I LUFTËS MAQEDONASE PËR PAVARËS
Бр.-Nr. 04-810/1
07.08 20 25 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 76-ж од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, и 11/18), член 23 став 2 и 4 од Законот за работни односи (Сл. Весник на РМ бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 2.67/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) а согласно Номинација на комисија за за спроведување на постапката за вработување со арх. бр:40-7501/1 од 31.07.2025 год. од Министерство за Култура и туризам на Република Северна Македонија за избор на кандидат по Јавен оглас бр:02/2025 година,Решение за формирање на комисија со арх. бр:04-780/3 од 04,08,2025год. како и финалната ранг листа и предлог кандидат за избор со арх. бр.04-780/8 од 07.08.2025 година, а во врска со Одлуката за објавување на Јавен оглас број 04-779/1 од 30.07.2025 година,се донесува следна ,

ОДЛУКА

за избор на кандидат за вработување по Јавниот оглас бр. 02/2025

1. За извршител на работна позиција со звање и назив на работното место „Билетопродавач “ и шифра КУЛ 04 01 Б01 002, се избира кандидатот

- Александар Атанасовски

2. По конечност на Одлуката за избор на кандидат ќе се донесе решение за вработување на избраниот кандидат и со истиот ќе биде склучен договор за вработување на неопределено време.

4. Одлуката за избор да се достави до кандидатите да се објави на веб страницата и на огласната табла на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје.

5. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на потребата за работници утврдена во Годишниот план за вработување за 2025 година (со архивски број 01-706/1 од 10.07.2025 година), а по претходно добиеното известување за обезбедени средства од органот надлежен за издавање на финансиска согласност за пополнување на работни места НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје објави оглас за вработување на помошно техничко лице

(Билетопродавач), на неопределено време. На Јавниот оглас објавен во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат“ и „Коха“и на веб страната на установата се јави вкупно 1 (еден) кандидат за едно објавено слободно работно место, Билетопродавач. Со одлука за избор бр. 04-810/1 од 07.08.2025 година од страна на в.д. директорот на Музејот, а врз основа на номинирани членови од Министерство за култура и туризам (допис бр.40-7501/2од 31,07,2025 година) е формирана Комисија за спроведување на дел од постапката за вработување, која изврши административна селекција на пријавениот кандидат на јавниот оглас за што состави Записник број 04-780/4 од 07.08.2025 година и спроведе интервју со пријавениот кандидат кој успешно ја помина првата фаза од постапката за што состави Записник бр.04-780/5 од 07.08.2025 година, а потоа и Записник за севкупната постапка за селекција и до в.д. директорот на установата достави Финална ранг листа и предлог за избор на кандидат бр. 04-780/8 од 07.08.2025 година.

Врз основа на горенаведеното, се изврши избор како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука може да се поднесе Жалба до Управниот одбор на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје, во рок од 8 (осум) дена, по нејзиниот прием.

в.д. директор
Анче Илиевска

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Правна служба
- Огласна табла и веб страница
- Архива
- Човечки ресурси